**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**Општина ГРАДСКО**
**Бр. 12-03**
**12.02.2019 год.**
**ГРАДСКО**

РЕШЕНИЕТО Е ПРАВОСИЛНО
ОПШТИНА ГРАДСКО
01. 03. 2019 год. по овластување на ГРАДОНАЧАЛНИКОТ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА ГРАДСКО ГРАДСКО

Градоначалникот на Општина ГРАДСКО, решавајќи по барањето на инвеститорот Општина Градско, ул:Александар Македонски бр.70а, Градско,, поднесено под број 12-03 од 14.01.2019 година, за издавање на Одобрение за градење за Изградба на Улица број 1 во село Подлес од Втора категорија, врз основа на член 58, став (2) од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија" бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/ 11, 54/11 , 13/12, 144/13, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16 и 35/18), а во врска со член 87 и 88 од Законот за општата управна постапка ("Службен весник на Р.М." бр. 124/2015), на ден 12.02.2019 го издава следното:

## Одобрение за градење

На инвеститорот Општина Градско, од ул:Александар Македонски бр.70 а,Градско, му се одобрува изградба на Изградба на улица бр.1 во село Подлес од Втора категорија, во општина ГРАДСКО (или КП бр. КП 1191,1313,1318,1392,1255,1360..., , КО Подлес, делница со стационажа од 480 метри).

Одобрение за градење се издава за целата градба.

Инвеститорот може да ја започне градбата, откако ова одобрение ќе стане правосилно во управната постапка.

Ова одобрение престанува да важи доколку инвеститорот не почне со изградба во рок од две години од денот на правосилноста на одобрението за градење, согласно член 66 од Законот за градење.

Доколку градбата отпочнала да се гради по истекот на рокот од две години од денот на правосилноста на одобрението, се смета дека градењето е бесправно.

## О б р а з л о ж е н и е

Инвеститорот Општина Градско, поднесе барање бр. 12-03 од 14.01.2019 година, за издавање на Одобрение за градење на Изградба на улица бр.1 во село Подлес од Втора категорија, на село Подлес во општина ГРАДСКО (или КП бр. КП 1191,1313,1318,1392,1255,1360..., , КО Подлес во м.в. Село или делница со стационажа од 480 метри).

Со барањето инвеститорот ја приложи следната документација и докази:

1. Извод од детален урбанистички план или урбанистички план за вон населено место, или урбанистички план за село или државна односно локална урбанистичка планска документација, а доколку се работи за линиска инфраструктурна градба,

се приложува проект за инфраструктура заверен од надлежен орган,

2. Основен проект со техн. бр. 577-18 Ноември 2018 изработен од ГЕО ИНГ ДОО Делчево,

3. Ревизија на основниот проект со бр. 0304-238/18 Ноември 2018, извршена од ДГПТУ МЕДИА ИНГ ДООЕЛ Увоз-Извоз Берово,

4. Доказ за право на градење (имотен лист со запишано право на сопственост на Р.М. (се работи за изградба на линиски инфраструктурни градби),

5. Геодетски елаборат за нумерички податоци за градежното земјиште за улица бр.1 КО подлес со бр.577/4-18 од 22.11.2018 изработен од ГЕО ИНГ Делчево ,

6. Доказ за извршена уплата за административна такса за издавање на Одобрение за градење во износ од _____ ден. согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за административни такси и

7. Доказ-акт за регулиран надоместок за уредување на градежно земјиште бр.______ од ______________ издаден од______________________________.

Согласност и мислења прибавени согласно член 59-в од Законот за градење:
Агенција за електронски комуникации, Евн КЕЦ Велес, ЈКП Клепа

Врз основа на горе изнесеното,
Општина ГРАДСКО - ГРАДСКО
(надлежен орган)
одлучи како во диспозитивот на ова одобрение.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:**
Против ова одобрение за градење може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на одобрението до Министерот за транспорт и врски.

Таксата по тарифен број ____ослободена е општина Градско ______ од Законот за административни такси во износ од _________ денари е наплатена и приложена со барањето.

**Изработил:** Ацо Здравевски
**Контролирал:** _____
**Одобрил:** Ацо Атанасов

**Име и презиме и потпис на овластено лице**

**Роберт Бешовски**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА ГРАДСКО

**ДОСТАВЕНО ДО:**
**Општина Градско,**